# ДО ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ ЗА ЖЕНИТЕ

## ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СКРИНИНГ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

---

**НАОДИ И ПРЕПОРАКИ**
ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ
НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА
И СКРИНИНГ НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА
КОМПОНЕНТАТА ЗА СКРИНИНГ
НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА
ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2024 ГОДИНА





# ДО ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ ЗА ЖЕНИТЕ ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СКРИНИНГ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

## - НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА И СКРИНИНГ НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА КОМПОНЕНТАТА ЗА СКРИНИНГ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2024 ГОДИНА -

Оваа анализа е изработена во рамките на проектот ,,**Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи“** поддржан од **Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.**

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на **ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари** и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

**Издавачи:**

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ**

**ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување**

**Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ**

**Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари**

**Автор: Борјан Павловски**

**Декември, 2025**

## КРАТЕНКИ

**МЗ – Министерство за здравство на Република Северна Македонија**

**УК – Универзитетска клиника**

**ГАК - Гинекологија и акушерство**

**ФЗОРСМ – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

**ЈЗУ – Јавна здравствена установа**

**ПАП – Папаниколау тест**

**ПЗУ – Приватна здравствена установа**

**ХПВ – Хуман папилома вирус**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ..... 6

2. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 7

3. КЛУЧНИ НАОДИ ..... 8

4. КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ ..... 9

5. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМСКИОТ И БУЏЕТСКИОТ ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА ЗА 2023 И 2024 ГОДИНА ..... 10

# 1. ВОВЕД

Владата на Република Северна Македонија секоја година ја усвојува Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања која ја подготвува и спроведува Министерството за здравство на годишно ниво. Повеќе од една деценија како компонента од оваа програма, се усвојува Програмата за скрининг и рана детекција на рак на грлото на матката. Скринингот на ракот на грлото на матката е од исклучително значење за унапредување на репродуктивното и општото здравје на жените, како и за намалување на смртноста од овој вид на карцином помеѓу жените. Редовниот скрининг овозможува навремено откривање на предмалигните промени или пак откривање на карциномот во рана фаза, што овозможува навремено и соодветно лекување. Тоа значи дека скринингот ја спречува и појавата на ракот на грлото на матката, и ја намалува смртноста од овој вид на карцином. Сето тоа придонесува кон унапредување на здравјето и на добросостојбата на жените, а воедно спречува предвремена смртност кај жените.

Искуствата од државите во Европа укажуваат на исклучителното значење на соодветно спроведените програми за скрининг. На пример во Шведска, скринингот е воведен во 1960-тите години, при тоа студија објавена во Европскиот журнал за карцином покажува намалување на инциденцата (појавата) на ракот на грлото на матката за 50% во периодот од 1965 до 2011 година, додека смртноста од овој вид на карцином опаѓа за 60% во истиот период. Во Обединетото Кралство програмата за скрининг е воведена во 1988 година, податоците од Националниот Здравствен Систем на Обединетото Кралство покажуваат дека и појавата (инциденцата) и смртноста од ракот на грлото на матката се намалиле за 70% од 1988 година до денес. Овој постигнат успех се должи на високата стапка на опфат на жените со програмите за скрининг на ракот на грлото на матката, па така во последните пет години во Шведска опфатот изнесува 82% од жените од целната возрасна група, додека во Велика Британија изнесува 72%[1].

По однос на тоа која метода ќе се користи во скринингот повеќе институции[2] се согласуваат дека при скринингот ПАП тест треба да се прави на секои три години, додека ХПВ тестот, или комбинација на ПАП тест со ХПВ тест треба да се прави на секои пет години. Доколку се применат овие препораки за редовен скрининг ќе се овозможи навремено откривање на предмалигните промени и нивно успешно лекување пред да преминат во карцином.

[1] https://www.who.int/data/gho/data/indicators/indicator-details/GHO/prevalence-of-cervical-cancer-screening-among-women-aged-30-49-years-%28-%29

[2] Светска здравствена организација, Европска Комисија, American Cancer Society

Европската асоцијација за рак на грлото на матката[3] ја нагласува важноста за спроведување на кампањи и едукација на жените за значењето на редовниот скрининг. Нивните податоци говорат дека соодветно спроведени кампањи го зголемува учеството на жените во програмите за скрининг.

На крај е значајно да се напомене дека за да се елиминира ракот на грлото на матката треба да се остварат целите 90-70-90, односно:

- 90% од девојките да бидат потполно вакцинирани со ХПВ вакцината до нивната 15-та година од животот
- 70% од жените да бидат подложени на скрининг со тест со високи перформанси, најдоцна до нивната 35-та година, и повторно најдоцна до 45-та година.
- 90% од жените кај кои ќе биде откриен рак на грлото на матката да добијат соодветен медицински третман.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата е подготвена со цел да се направи увид во начинот на планирање на програмскиот и буџетскиот дел на програма, да се следи конзистентноста во планирање, да се утврди ефикасноста, ефективноста и постигнувањата на програмата. Анализата е подготвена преку преглед на достапните документи и податоци, пред се Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања (за 2023 и 2024 година), податоци од Државниот завод за статистика, податоци од Фондот за здравствено осигурување, како и преку податоци добиени преку барања за пристап до информации од јавен карактер од Министерството за здравство и ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје. При подготовка на анализата направен е преглед и споредба на планираните и реализираните активности и буџет за 2023 и 2024 година. Предмет на анализа е и 2023 година бидејќи извештајот за спроведување на Програмата за 2023 година[4] беше објавен во месец март 2025 година. Дополнително на тоа, при анализата направена е споредба на планирањето и реализацијата на програмата во двете години.

[3] European Cervical Cancer Association (ECCA)
[4] Велиќ Стефановска В., Зафировска Ивановска Б., Гривчевска Илиевска М. СКРИНИНГ на рак на грло на матка: евалуација и извештај. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет, Институт за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, 2025. https://epistat.mk/wp-content/uploads/2025/03/2024-Evaluacija-Scrining-Matka-1.pdf

## 3. КЛУЧНИ НАОДИ

- **Недоволен планиран опфат со скрининг:** Во 2023 година бил планиран опфат на само 5% од жените (25.000 од 461 381 жени), иако програмата дефинира дека 75% опфат се смета за успешен скрининг.
- **Опфатот во пракса подобар од планираниот, но сè уште недоволен:** Во 2023 година биле опфатени 64.819 жени (13,2%), но тоа е недоволно за да се достигне целта од 75% за тригодишен период.
- **Намалување на опфатот во 2024 година:** Бројот на жени опфатени со скрининг опаднал на 50 346 жени, што е за 22% помалку од 2023 година, односно само 10% од целната група.
- **Ниска стапка на жени кои самоиницијативно се пријавуваат за скрининг преку интернет страната** www.skrining.zdravstvo.gov.mk [5] . Наодите на граѓанските организации укажуваат дека оваа состојба може да биде резултат на тоа што жените не се соодветно информирани за оваа можност, како и нискиот степен на дигитална писменост, особено помеѓу ранливите категории на жени[6]. [7]
- **Генерирање долгови во 2023 година:** Министерството за здравство не исплатило средства за 16 477 гинеколошки прегледи и 16 592 цитолошки анализи, иако буџетот за скрининг бил зголемен во тек на годината
- **Финансиска усогласеност во 2024 година:** Сите извршени услуги за гинеколошки прегледи и циотолошки анализи биле покриени со исплати; не се генерирани нови долгови кон давателите на услуги.
- **Невклучени клучни активности:** Во измените на програмата за 2023 г. е отстранета контролата на квалитет на лаборатории и пилотирањето на ХПВ тестирањето, што претставува уназадување во скрининг програмата. Во 2024 година воопшто не е ни планирано ХПВ тестирањето.
- **Буџетска нетранспарентност во 2024 година:** Во програмата за 2024 година не се наведени вкупниот планиран буџет, бројот на планирани жени, ниту суми по буџетски ставки (со исклучок на мобилната гинеколошка амбуланта).

---

[5] ibid

[6] Павловски Б., Фришчиќ Ј. Кога местото на живеење го одредува здравјето – Пристап до примарната здравствена заштита за руралното население во Република Северна Македонија. Здружение за еманципација солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ. 2022 - https://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2022/1/Analiza%20ruralno%20naselenie.pdf

[7] Павловски Б., Фришчиќ Ј. Кога животот на маргините го одредува здравјето – Пристап до примарната здравствена заштита за ромското население во Република Северна Македонија. Здружение за еманципација солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ. 2022 - https://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2022/1/Finalna%20analiza_Romi_PZZ.pdf

- **Мобилната гинеколошка амбуланта со ограничен ангажман:** Во 2023 година е активна само 3 месеци и прегледани 508 жени, додека во 2024 г. активна е 2,5 месеци а прегледани се 765 жени. Иако е забележан напредок, активноста е сè уште ограничена.
- **Неспроведена едукација на патолозите:** Во двете години активноста за континуирана медицинска едукација на патолози во рамки на програмата не е реализирана, иако е планирана и буџетирана.
- **Иако се бележи одреден напредок, перзистентниот проблем со недостиг на матични гинеколози и нивната нееднаква географска дистрибуција продолжува да претставува бариера за пристап до скринингот, особено во руралните и малите градски средини.** Во 39 општини се уште нема ниту еден матичен гинеколог.
- **Доцнење во подготовка на извештајот и евалуацијата на скрининг програмата.** Извештајот и евалуацијата за скринингот за 2023 година е објавен во месец март 2025 година, а истиот е неопходен за унапредување на скрининг програмата и треба да се подготви во првата половина од следната календарска година за да може МЗ да ги искористи наодите и препораките за унапредување на скринингот.

## 4. КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ

- **Зголемување на опфатот на жени со скрининг програмата**
  Итно да се планира и обезбеди годишен опфат на најмалку 25% од целната група жени, со цел да се постигне минималниот праг на успешност од 75% за тригодишен период, во согласност со дефинираните индикатори за успех на програмата.
- **Воспоставување реална буџетска рамка врз основа на целите и активностите на програмата.** Да се обезбедат буџетски средства соодветни на бројот на жени кои се планира да бидат опфатени, со цел да се избегне генерирање долгови кон извршителите на услугите.
- **Воведување на ХПВ тестирање во скринингот.**
  Да се воведе ХПВ тестирањето како примарна метода за скрининг, согласно современите европски стандарди, што овозможува поширок опфат и повисок квалитет на дијагностика.
- **Вклучување на матичните лекари – специјалисти по семејна медицина во спроведување на скрининг програмата.** Да се обезбеди едукација и неопходни услови за да им се овозможи на специјалистите по семејна медицина да се вклучат во спроведување на скринингот, особено во руралните средини и општините каде што нема доволно или воопшто нема матични гинеколози. Доколку се воведе ХПВ

тестирањето како примарна метода, ќе се овозможи и полесно вклучување на специјалистите по семејна медицина во скринингот.

- **Подобрување на транспарентноста на програмата.**
  Да се обезбеди јасно дефинирање на вкупниот планиран буџет, планираниот број на опфатени жени и трошоци по ставка во сите идни верзии на скрининг програмата.
- **Проширување и континуитет на мобилната гинеколошка амбуланта.**
  Да се обезбеди редовно и подолготрајно функционирање на мобилната гинеколошка амбуланта, со фокус на рурални и недоволно покриени подрачја, како и жени од социјално ранливи категории.
- **Ревизија на индикаторите за успех.**
  Да се прецизираат бројките и процентите преку кои ќе се мери успешноста на секој индикатор во програмата, за да се овозможи објективно следење и евалуација.
- **Реализација на предвидените активности.**
  Министерството за здравство да осигури дека сите планирани и буџетирани активности навремено се спроведуваат, особено оние поврзани со известување и евалуација.
- **Враќање на контролата на квалитетот.**
  Да се врати активноста за контрола на квалитетот на цитолошките лаборатории како задолжителен сегмент за обезбедување точна и навремена дијагностика.

## 5. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМСКИОТ И БУЏЕТСКИОТ ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА ЗА 2023 И 2024 ГОДИНА

### 5.1. Наоди од спроведениот мониторинг на планирањето на програмскиот и буџетскиот дел на програмата за 2023 и 2024 година.

**Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката за 2023 година** предвидува опфат на жените од 21 до 59 години кои во последните три години не направиле ПАП тест. Главна цел на Програмата е да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Северна Македонија. Основна метода на скринингот е ПАП тест, при што брисот го земаат матичните гинеколози и го испраќаат за цитолошка анализа во лабораториите кои имаат склучено договор со ФЗОРСМ. Поканувањето на жените за гинеколошки преглед со ПАП брис го вршат матичните гинеколози врз основа на листата на жени подложни за скрининг која ја обезбедува Управата за електронско здравство и на

гинеколозите им е достапна во програмата „Мој Термин". Воедно жените може и самоиницијативно да се пријават за скрининг преку електронската платформа www.skrining.zdravstvo.gov.mk. Во програмата е наведено дека за успешно спроведена скрининг превенција се смета доколку во период од три години бидат опфатени 75% од жените на возраст од 21 до 59 години. Програмата има добро дефинирана листа на индикатори за успешност на програмата, меѓутоа не е дефинирана бројката или процентот преку кој би се мерала успешноста на секој даден индикатор. Со програмата за 2023 планирано е да бидат опфатени 25 000 жени. Во Р. С. Македонија живеат 461 381 жени на возраст од 21 до 59 години[8], што укажува дека Министерството за здравство во 2023 година планира опфат на само 5% од жените од целната група. Согласно на тоа за тригодишен период планиран е опфат на само 15% од жените, иако во самата Програма е наведено дека успешна скрининг програма е доколку бидат опфатени 75% од жените.

Планираниот буџет во усвоената програма изнесува 10,5 милиони денари и дава детални буџетски податоци за секоја ставка (активност) од програмата. На 26.12.2023 година Владата усвојува Програма за изменување на програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Р. С. Македонија за 2023 година[9], со што буџетот се зголемува на 15 милиони денари. Во измената одредени ставки (активности) се бришат, а за одредени ставки се зголемува буџетот (табела бр. 1), додека единечните цени по услуга остануваат исти. По однос на измените, позитивно е тоа што буџетот за трошоци за земање на ПАП тест и за партиципација за цитолошка анализа двојно се зголемува што укажува дека е зголемен опфатот на жени со скрининг програмата. Меѓутоа негативно е што се отстранува активноста за контрола на квалитетот на цитолошките лаборатории, иако нивната дејност во спроведувањето на ПАП тестовите е клучна за успешноста на програмата и навремено откривање на предраковите промени и ракот на грлото на матката. Воедно исто така негативно е што е отстранета активноста за пилотирање на ХПВ тестирањето, како посовремена и поточна метода за скрининг дијагностика од ПАП тестот. Измените се усвоени на самиот крај на година (26 декември), што укажува дека тие се должат на фактички спроведените активности во тек на годината, а не на навремено планирање за зголемување на опфатот.

[8] Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, Попис 2021. Државен завод за статистика. 2022

[9] Програма за изменување на програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2023 година. Службен весник број 282 од 21.12.2023 година.

**Табела бр. 1. Приказ на усвоениот буџет на Програмата за скрининг на рак на грло на матка за 2023 година и споредбен приказ со усвоените измени на програмата и буџетот на 26.12.2023 година**[10]

| Р. бр. | Активности | Извршители | Цена по услуга | Усвоен буџет на програмата – Вкупен износ | Изменет буџет на 26.12.2023 година | Разлика помеѓу усвоениот и изменетиот буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Организација на скринингот | МЗ во соработка со Управата за електронско здравство | 200.000 | 200.000 | 200.000 | 0% |
| **2** | Дополнителни трошоци на матични гинеколози за земање на ПАП-тест | Матични гинеколози | 200 | 5.000.000 | 10.000.000 | +100% |
| **3** | Партиципација за цитолошка анализа | Цитолошките лаборатории | 60 | 1.500.000 | 3.000.000 | +100% |
| **4** | Континуирана медицинска едукација на патолозите кои читаат ПАП тестови во рамки на скринингот | Институт за патологија Македонското здружение за патологија и Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грлото на матката | 400.000 | 400.000 | Активноста и буџетската ставка е избришана | -100% |

[10] Програма за изменување на програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2023 година. Службен весник број 282 од 21.12.2023 година.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | Контрола на квалитет на Цитолошките лаборатории | Институт за патологија Македонското здружение за патологија и Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грлото на матката. | 400.000 | 400.000 | Активноста и буџетската ставка е избришана | -100% |
| **6** | Набавка на ХПВ тестови за пилот скрининг, анализа | ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство | 1.000.000 | 1.000.000 | Активноста и буџетската ставка е избришана | -100% |
| **7** | Годишен извештај за скрининг на рак на грло на матката, за состојбата и постигнатите резултати | Институт за јавно здравје на Р. С. Македонија | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 0% |
| **8** | Мобилна гинеколошка амбуланта | ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство Македонско лекарско друштво Црвен крст и Министерство за здравство | 1.700.000 | 1.700.000 | 1.700.000 | 0% |
| | **ВКУПНО** | | | **10.500.000** | **15.000.000** | |

**Програмата за скрининг на рак на грлото на матката за 2024 година** ја има истата цел и истата целна група на жени за опфат со скрининг како и во 2023 година. Во 2024 година се бележи сериозно уназадување во приказот на наративниот и буџетскиот дел на програмата, споредбено со 2023 година. Особено **се бележи сериозно уназадување во буџетската транспарентност**, бидејќи не е наведен вкупниот планиран износ за секој вид на скрининг

одделно, ниту износот на буџетот предвиден за исплата на неизмирени обврски од претходни години. Не е наведен ниту вкупниот износ по ставка (активност) туку е наведена само единечната цена на чинење на услугата. Воедно **никаде не е наведен планираниот број на жени за опфат со скрининг во 2024 година.** Единствен детален буџет по ставки е прикажан за активноста Мобилна гинеколошка амбуланта. Воедно сериозно уназадување во планирањето е фактот што во 2024 година не е планирано спроведување на ХПВ тестирање ниту како пилот метода (како што беше во 2023 година). ХПВ тестирањето ќе овозможи поголем опфат на жени со скринингот, бидејќи не е неопходно брисот да биде земен од гинеколог, а воедно ќе го унапреди квалитетот и исходот од скринингот бидејќи претставува попрецизна метода од ПАП тестот. Меѓутоа со години наназад МЗ не го воведува ХПВ тестирањето како замена на ПАП тестот во скринингот на ракот на грлото на матката.

### 5.2. Наоди од спроведениот мониторинг на спроведувањето на на програмскиот и буџетскиот дел на скринингот на ракот на грлото на матката за 2023 и 2024 година.

**Во 2023 година,** 64.819 жени биле поканети за скрининг на рак на грлото на матката, од кои 62.775 биле поканети од своите матични гинеколози, додека само 2.044 жени самоиницијативно се пријавиле за скрининг преку интернет страната www.skrining.zdravstvo.gov.mk.[11] Во извештајот е наведен идентичен број на поканети и прегледани жени, во годините кога Институтот за јавно здравје го подготвуваше овој извештај, тоа не беше случај[12], односно секоја година бројот на поканети жени беше поголем од бројот на прегледани жени. Извештаите на Институтот за јавно здравје го прикажуваа процентот на одзив на жените, односно никогаш не е забележан 100% одзив, што е и очекувано, бидејќи не можат сите жени кои се поканети за преглед и да дојдат на прегледот. Идентичниот број на поканети и прегледани жени во извештајот за спроведување на програмата за 2023 година, може да укажува дека бројките се едноставно преземени, наместо да се прикажат одделни бројки на поканети и прегледани жени. Доколку ги земеме во предвид бројките како што се дадени во извештајот и земајќи ја во предвид вкупната популација на жени на возраст од 21 до 59 години може да се заклучи дека во 2023 година со

[11] Велиќ Стефановска В., Зафировска Ивановска Б., Гривчевска Илиевска М. СКРИНИНГ на рак на грло на матка: евалуација и извештај. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет, Институт за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, 2025. https://epistat.mk/wp-content/uploads/2025/03/2024-Evaluacija-Scrining-Matka-1.pdf

[12] Од 2023 година извршителот на активноста за подготовка на годишен извештај за спроведување на скринингот на рак на грлото на матката со евалуација и препораки за унапредување, се менува. До 2022 година извештајот го подготвуваше Институтот за јавно здравје, додека од 2023 година го подготвува Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицински факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј.

скрининг се опфатени 13,2% од жените. Што укажува дека опфатот е за речиси 160% повисок од планираниот опфат на 25.000 жени со усвоената програма за 2023 година. Но опфат од 13,3% на годишно ниво, би резултирал со опфат од околу 40% за период од три години, (под услов опфатот да остане ист и во наредните години) што е многу пониско од утврдениот успех за опфат на 75% од целната група на жени

Во 2023 година преку скрининг програмата се обезбедуваат услугите на мобилната гинеколошка амбуланта кои се наменети за жени и девојки од социјално-економските ранливи категории, жени и девојки кои живеат во тешко достапни области, и области каде што нема матичен гинеколог. Мобилната гинеколошка амбуланта обезбедувала услуги само во тек на три месеци во 2023 година и тоа од 20.03.2023 година до 12.06.2023 година. При тоа се прегледани 508 жени, на кои им се направени 560 прегледи.

**Финансирање во 2023 година.** По однос на финансиските средства за скринингот, со измените на програмата буџетските ставки за гинеколошки преглед и цитолошка анализа се зголемени за 100%, но ниту овие средства не се доволни да ги покријат трошоците за сите жени опфатени со скринингот.

- Исплатата за **трошоци за земање на ПАП брис** изнесува вкупно 9.668.400 денари (единечна цена од 200 денари), овој износ покрива земање на брисеви од 48.342 жени, што значи дека не се исплатени средства за земање брисеви од 16. 477 жени.
- За **партиципација за цитолошки анализи** исплатени се 2.893.260 денари (единечна цена од 600 денари). Овие средства покриваат трошоци за партиципација на 48.221 цитолошки анализи. Во 2023 година биле направени 64.813 цитолошки анализи[13] што значи дека Министерството не исплатило средства за 16.592 цитолошки анализи.

Овие податоци го покренуваат прашањето зошто Министерството за здравство не ги искористило сите расположливи средства согласно измената на програмата, бидејќи се потрошени помалку средства од што биле предвидени со измената на програмата во месец декември 2023 година (табела 1). Соодветно на тоа, продолжува негативната пракса Министерството за здравство да генерира долгови кон извршителите на Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања.

[13] Велиќ Стефановска В., Зафировска Ивановска Б., Гривчевска Илиевска М. СКРИНИНГ на рак на грло на матка: евалуација и извештај. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет, Институт за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, 2025. https://epistat.mk/wp-content/uploads/2025/03/2024-Evaluacija-Scrining-Matka-1.pdf

**Табела број 2. Приказ на трошоците од Програмата за скрининг на рак на грлото на матката за 2023 година**

| Р. бр. | Активност | Потрошени средства во 2023 година (1) | Цена по услуга (2) | Проценет број на услуги за кои е платено од страна на МЗ (3) | Реален број на извршени услуги според програмата во 2023 година (4) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дополнителни трошоци на матични гинеколози земање ПАП тест | 9.668.400 | 200 | 48.342 | 64.819 |
| 2 | Партиципација за цитолошка анализа - активности за цитолошките лаборатории | 2.893.260 | 60 | 48.221 | 64.813 |

(1) Извор: Одговор на Министерството за здравство по поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер
(2) Извор: Програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2023 година
(3) Проценка направена врз основа на вкупната исплатена сума поделена со единечниот износ на услугата
(4) Извор: СКРИНИНГ на рак на грло на матка: евалуација и извештај. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет, Институт за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика

**За 2024 година**, извештајот за спроведување на скринингот на рак на грло на матката се уште е во фаза на подготовка во моментот на подготовка на анализата (август 2025 година), поради тоа анализата е извршена врз основа на податоците добиени од страна на Министерството за здравство и ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, преку постапката за пристап до информации од јавен карактер. Во 2024 година со скрининг на рак на грлото на матката опфатени се 50.346 жени, што претставува намалување на опфатот за 22% споредбено со 2023 година. Односно во 2024 година со скрининг се опфатени само 10% од целната возрасна група на жени (од 21 до 59 години). Трендот на намалување на опфатот не може да гарантира ниту 40% опфат на жените со скрининг за период од три години. Бројот на направени цитолошки анализи во 2024 година изнесува 55.660 анализи, што е за 5.314 повеќе анализи од земени брисеви. Потребно е дополнително да се истражи на што се должи разликата, односно дали дел од овие анализи се направени на ПАП брисеви земени од претходната календарска година, или постои друга причина за разликата.

Мобилната гинеколошка амбуланта обезбедувала услуги во период од околу 2 месеци и 2 недели при што се прегледани 765 жени од рурални средини и од ранливи групи. Во овој период се остварени 72 теренски посети, при што се опфатени рурални средини во следните општини: Виница, Прилеп, Делчево, Крушево и Зрновци. Воедно опфатени се и жени од ранливи категории, и тоа: жени затворенички, жени со оштетен слух и жени кориснички на дроги. Се бележи зголемување на опфатот на жени преку мобилната гинеколошка амбуланта во 2024 година споредено со 2023 година, односно во 2024 година прегледани се 257 жени повеќе, што претставува зголемување за 50%. Во просек при една теренска посета се прегледуваат 10,6 жени.

Според податоците добиени од Министерството за здравство активноста за Медицинска едукација на патолозите кои читаат ПАП тестови не е спроведена. Во одговорот добиен од Министерството е наведено дека патолозите подлежат на континуирана медицинска едукација надвор од оваа програма. Но во овој случај се поставува прашањето зошто е предвидена оваа активност во програмата и е алоциран буџет доколку МЗ не планира да ја спроведува истата.

**Во 2024 година потрошени се 15.572.800 денари** за скринингот на ракот на грлото на матката (табела бр. 3), но бидејќи во програмата не е јасно наведено колку средства се планирани за скринингот, не може да се утврди степенот на реализација на буџетот за скринингот на ракот на грлото на матката. Не се потрошени финансиските средства алоцирани за едукација на патолози, што е во согласност со добиениот одговор од МЗ дека едукација преку програмата не е спроведена. Но не се потрошени ниту средствата за Извештај од скрининг на рак на грло на матка , иако од МЗ е добиен податок дека извештајот е во тек на подготовка.

За активноста на матичните гинеколози во 2024 година се исплатени 10 069 200 денари, земајќи ја предвид единечната цена од 200 денари (табела бр. 3), исплатени се средства точно за сите прегледани жени според скрининг програмата. Односно во 2024 година не се бележат отстапувања во исплатените средства според бројот на услуги, како што е тоа случај во 2023 година. Истото се однесува и на исплатените средства за партиципација за цитолошка анализа –активност за Цитолошките лаборатории. Од овие податоци може да се заклучи дека во 2024 година МЗ не генерира долгови кон извршителите на услугите на програмата за скрининг на рак на грлото на матката.

Се бележат неточности во податоците добиени од страна на МЗ за исплатени трошоци по програмата. Имено од МЗ е добиен податок дека за спроведување на услугите од Мобилната гинеколошка ординација на УК ГАК и се исплатени 2.000.000 денари, додека според

добиените податоци од УК ГАК (копија од аналитичка картица) може да се увиди дека МЗ има исплатено 2.100.000 денари. Не е јасно зошто МЗ доставува податоци за буџетски трошоци кои отстапуваат од реалните трошоци.

**Недостигот од матични гинеколози се уште претставува бариера во пристапот до здравствената заштита за репродуктивното здравје на жените и до услугите за скрининг на рак на грлото на матката.** Во 2025 се бележи унапредување во покриеноста со гинеколошка здравствена заштита на примарно ниво. Имено, во 2024 година во 39 општини имаше гинеколошко-акушерска амбуланта на примарно ниво, додека во 2025 година, бројот е зголемен на 41 општина.  Но и покрај напредокот, се уште во 39 општини нема матичен гинеколог, пред се во руралните и малите градски општини.

**Табела број 3. Приказ на реализираните (потрошените) средства по активности за скринингот на рак на грлото на матката за 2024 година**

| Р. бр. | Активност | Планирани средства | Реализирани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Организација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка | 200.000 | 164.000 |
| 2 | Дополнителни трошоци на  матични гинеколози за земање на ПАП тест | по единечна мерка (200 денари) | 10.069.200 |
| 3 | Партиципација за цитолошка анализа на ПАП тест | по единечна мерка (60 денари) | 3.339.600 |
| 4 | Извештај од скрининг на рак на грло на матка   за претходната година) Евалуација на програмата за  скрининг на рак на дојка за 2023 година | 200.000 | 0 |
| 5 | Мобилна гинеколошка амбуланта | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 6 | Медицинска едукација на патолозите кои читаат ПАП тестови во рамки на скринингот | 200.000 | 0 |
| | **ВКУПНО ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА** | | **15.572.800** |

ХЕРА

ECE

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**